# ЗЕЛС

## ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# BNJVL

## GAZETË

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SE MAQEDONISË

12 2010



**ОДРЖАНА ТРЕТА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС**

**U MBAJT SEANCA E TRETË E KUVENDIT GJENERAL TË BNJVL-SË**

**ПРОМОВИРАН НОВИОТ ИНСТРУМЕНТ НА ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ - „ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА“**

**U PROMOVUA INSTRUMENTI I RI I PJESËMARRJES DEMOKRATIKE TË QYTETARËVE NË PUSHTETIN LOKAL - „FORUME NË BASHKËSI”**

Почитувани,

Најнапред сакам да Ви ја честитам Новата 2011 година. Сакам да Ви посакам голем успех на работното место, но и во личниот живот и истовремено посакувам 2011 година да ја паметиме по тоа што ќе обезбедиме поголема финансиска самостојност за општините, а во втората фаза од фискалната децентрализација ќе влезат и преостанатите осум општини.



Верувам дека листата на желби на сите локални власти од земјава е идентична и се поклопува со систематизираните ставови на ЗЕЛС, изнесени пред централната власт, односно, дискутирани и на третата седница на Генералното собрание, највисокото тело на ЗЕЛС, што се одржа на трети декември 2010 година во Маврово. Особено ме радува што беа истакнати успесите што оваа година ги постигнавме, а тоа е лобирањето за изготвување на два значајни закони, Законот за градежно земјиште и Законот за легализација на бесправно изградените градби, чии предлози се наоѓаат во собраниска процедура, а во чија подготовка активно учествуваше ЗЕЛС. Навистина оваа година имавме мало зголемување на зафаќањето од ДДВ за општините, но импонира фактот што сите локални власти едногласно искажаа дека не отстапуваат од ставот, зафаќањето да ДДВ да изнесува најмалку 6%, а од персоналниот данок 30%. Беа изнесени и низа други успеси, но и барања, за кои ЗЕЛС ќе продолжи со притисоци кај централната власт. Членовите на Генералното собрание речиси едногласно го усвоија предлогот за зголемување на членарината за два денари по глава на жител, што всушност претставува огромен чекор напред за локалните власти во градењето на ефикасна е –општина. Всушност, зголемувањето од два денара претставува огромна поединечна заштеда за секоја општина, која доколку поединечно пристапи кон развивање на софтверските решенија што ЗЕЛС ги предвиде во својата нова ИКТ стратегија за 2011-2015 година би ја чинеле најмалку од 20.000 – 50.000 евра. Со овие два дополнителни денари софтверите во ЗЕЛС ќе им бидат достапни истовремено на сите општини, што потврдува дека единството во ЗЕЛС е на високо ниво и дека Заедницата има еднаков третман кон сите свои членки.

Сакам да ве информирам дека во декемвриското Гласило ќе можете да прочитате подетално за сите настани, конференции ,обуки, иницијативи, кои во текот на овој месец ги организиравме за нашите членки и кои навистина се во голем број.

Сакам само да издвојам дека овој месец ја организиравме и традиционалната конференција, со поддршка на ОБСЕ, со која сега ја одбележавме петгодишнината од почетокот на имплементирањето на децентрализацијата на власта во земјава. Всушност како и минатата година и оваа, децентрализацијата доби релативно добри оценки во Извештајот на ЕУ за напредокот на нашата земја, тема за која, меѓу другото, дискутираа претставниците од Европската унија и од нашата земја на петтата седница на Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) што се одржа на 14 декември 2010 година во Брисел.

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Fillimisht dëshiroj t'ua uroj Vitin e Ri 2010. T'u dëshiroj sukses të madh në vendin e punës, por edhe në jetën personale dhe njëkohësisht dëshiroj që vitin 2011 t'a mbani mend me atë që do të sigurojmë pavarësi më të madhe financiare për komunat, ndërsa në fazën e dytë të decentralizimit fiskal do të hyjnë edhe tetë komunat tjera.

Besoj se lista e dëshirave e të gjitha pushteteve lokale në vend është identike dhe përputhet me qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së të paraqitura para pushtetit qëndror, respektivisht të diskutuara edhe në seancën e tretë të Kuvendit Gjeneral, trupi më i lartë i BNJVL-së që u mbajt më 3 dhjetor, 2010, në Mavrovë. Tejet më gëzon që u theksuan sukseset që i arritëm këtë vit, ndërsa ky është lobimi për hartimin e dy ligjeve të rëndësishme, Ligji për tokën ndërtimore dhe Ligji për legalizimin e ndërtimeve të ndërtuara pa leje, propozimet e të cilave gjenden në procedurë parlamentare, ndërsa në përgatitjen e të cilave në mënyrë aktive morri pjesë BNJVL. Me të vërtetë këtë vit kishim rritje të vogël të përfshrijes së TVSH-së për komunat, por imponon fakti se të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale unanimisht u shprehën se nuk heqin dorë nga qëndrimi, që përfshirja e TVSH-së të përmbajë më së paku 6% ndërsa nga tatimi personal 30%. U paraqitën edhe një varg suksesesh tjera por edhe kërkesa për të cilat BNJVL do të vazhdojë me presionet te pushteti qëndror. Anëtarët e Kuvendit Gjeneral po thuaj se unanimisht e miratuan propozimin për rritjen e anëtarësimit për 2 denarë, për një banor, që në të vërtetë paraqet hap gjigant për pushtetet lokale në ndërtimin e e-komunës efikase. Në të vërtetë rritja prej 2 denarësh paraqet kursim tejet të madh për çdo komunë në veçanti, e cila për deri sa afrohet në mënyrë individuale ndaj zhvillimit të vendimeve softuerike që BNJVL i parashikoi në strategjinë e re të TIK për 2011-2015 do t'a kushtonte më së paku prej 20.000-50.000 euro. Me këta dy denarët plotësues softuerët në BNJVL do të jenë të arritshme njëkohësisht për të gjitha komunat. Që vërteton se uniteti në BNJVL është në nivel të lartë dhe se Bashkësia ka trajtim të barabartë ndaj të gjitha anëtareve të saja.

Dua t'ju informoj se në Gazetën e dhjetorit do të mund të lexoni më detajisht për të gjitha ngjarjet, konferencat, trajnimet, iniciativat, që gjatë këtij viti i organizuam për anëtaret tona dhe me të vërtetë janë të shumënumërta.

Dëshiroja vetëm të ndaj se këtë muaj, e organizuam edhe Konferencën tradicionale me përkrahje të OSBE-së, me të cilën tash, e shënuam pesëvjetorin nga fillimi i implementimit të decentralizimit të pushtetit në vend. Në të vërtetë si edhe vitin e kaluar edhe këtë vit, decentralizimi morri vlerësime relativisht të mira në Raportin e BE-së për avancimin e vendit tonë, temë mbi të cilën mes tjerash diskutuan përfaqësuesit e Bashkimit Evropian dhe të vendit tonë në seancën e pestë të Komitetit të Përbashkët Konsultativ (KPK) që u mbajt më 14 dhjetor, 2010 në Bruksel.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk
Извршен директор на ЗЕЛС - Душица Перишиќ
Заменик извршен директор на ЗЕЛС - Ардита Дема
Уреднички колегиум - Весна Арсовска - Динковска, Виктор Арнаудовски
Дизајн и подготовка за печат - Европа 92
Печати - Европа 92

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së - Dushica Perishiq
Zëvendës drejtor ekzekutiv - Ardita Dema
Bordi redaktues - Vesna Arsovska - Dinkovska, Viktor Arnaudovski
Pergatitje per shtyp - Evropa 92
Shtyp - Evropa 92

# ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НА УО НА ЗЕЛС ЗА 2010 ГОДИНА



Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, на втори декември 2010 година во хотелот „Радика", во Маврово, ја одржаа 12-тата седница, на која беа разгледувани значајни документи од работењето на Заедницата, кои беа предвидени да се разгледуваат и од највисокото тело на ЗЕЛС, Генералното собрание, чија седница беше закажана за следниот ден.

Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, пред членовите на УО ги презентираше сите активности што ЗЕЛС ги превземал во текот на 2010 година, при што ги потенцираше позитивните резултати, односно постигнатите успеси од значење за сите локални власти во земјата, меѓу кои активното учество во подготвувањето на Законот за градежно земјиште, што е во собраниска процедура и низата активности во подготвувањето на Законот за третман на бесправно изградените градби, што е во владина процедура. Членовите на УО, цврсто застанаа на ставот дека на локалните власти им е потребна поголема финансиска стамостојност, изнесена и во систематизираните ставови на ЗЕЛС, каде е децидно посочено барањето во 2011 година од средствата од ДДВ општините да добиваат 4,5% , односно тие да изнесуваат 6% во 2012 година, во однос на персоналниот данок, кој според направените споредбени анализи во ЗЕЛС во сите држави од регионот и Европа во најголем процент го добиваат локалните власти. ЗЕЛС бара во 2011 година 15% од овие средства да одат за општините, а во 2012 најмалку 30%.

Се дискутираше и за другите значајни барања на ЗЕЛС кои се однесуваат на подобрување на условите за извршување на надлежностите на локалните власти, особено за оние кои се однесуваат на потребата од измени на законски или подзаконски акти, но и донесување на нови закони, меѓу кои е и Законот за комунални дејности.

Се говореше и за зајакнување на лобирањето за општините кои сѐ уште се наоѓаат во првата фаза од фискалната децентрализација, да се идзејствува Владата да продолжи со обезбедувањето на долгорочни позајмици, чии рокови за враќање, од пет би се зголемиле на 10 години, како и заживувањето на алтернативните начини за кредитирање, меѓу кои беше посочена претстојната конференцијата за општински обврзници, подржана од Министерството за финансии и УСАИД . Сето тоа со цел во првата половина од 2011 година сите општини да ги остварат потребните услови и да влезат во втората фаза од фискалната децентрализација .

При разгледувањето на Буџетот и Акциониот план на ЗЕЛС за 2011 година се дискутираше и за обезбедување на можности за подршка на општините кои сѐ уште се наоѓаат во првата фаза од децентрализацијата, во однос на бесплатни обуки што ги организира ЗЕЛС за општинската администрација. Беше аргументирана и иницијативата од ЗЕЛС за зголемување на членарината за два денари, односно таа да изнесува вкупно осум денари по жител. При тоа беше објаснета конкретната намена на овие средства, кои во основа треба да обезбедат заштеда на средства на општините за развојот на е-општина, развој на софтверски апликации, развој на човечки ресурси за одржување на овие системи.

Членовите на УО иницираа нови предлози и барања, меѓу кои, да се упати барање до Владата на РМ, 2% од уплатата на игрите на среќа да се наменат за општините, потоа да се организира тематска работилница за проблемите со кои се соочуваат локалните власти во постапките од денационализацијата, а беше посочена и потребата за иницирање на одредени измени во Законот за експропријација. Беше посочена потребата од разгледување на постапките при трансформацијата на земјоделското во градежно земјиште, одредни прашања од областа на енергетската ефикасност, а се дискутираше и по изнесената иницијатива за изнаоѓање на заедничко решение за утврдувањето на одредени стандарди при утврдување на цената за водата за пиење.

## ЗТЦ, ЗЕПЕ И КАНЦЕЛАРИЈА ЗА КОМУНИКАЦИЈА ВО БРИСЕЛ – НОВИ ЕДИНИЦИ ВО ЗЕЛС

На оваа седница едногласно беа изгласан Буџетот на ЗЕЛС и Акциониот план за 2011 година, Стратегијата за ИКТ за 2011 -2015 година, Планот за јавни набавки за 2011 како и изменувањето и дополнувањето на актот за систематизација, каде се предвидува реорганизирање во три посебни единици, чиј предмет на работа и делокруг, веќе се извршува од страна на постојаните организациски единици. Целта е зголемување на степенот на услугите на ЗЕЛС кон своите членки, за што се утврдуваат: Центар за обуки и стручно усовршување, со скратен назив „ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР - ЗТЦ", Канцеларија за комуникација на ЗЕЛС во Брисел и Единица за поддршка на е-општини при ЗЕЛС со скратен назив – „ЗЕПЕ".

# RRUMBULLAKËSIM I AKTIVITETEVE TË BD TË BNJVL-SË PËR VITIN 2010



Anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së, më 2 dhjetor, 2010, në hotelin ,,Radika", në Mavrovë e mbajtën seancën e 12-të , në të cilën u shqyrtuan dokumente të rëndësishme nga puna e Bashkësisë, të cilat u parashikuan të shqyrtohen edhe nga ana e trupit më të lartë të BNJVL-së, Kuvendi Gjeneral, seanca e të cilit u caktua për ditën e nesërme.

Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, para anëtarëve të BD i prezantoi aktivitetet të cilat BNJVL i ndërmorri gjatë vitit 2010, me ç'rast i potencoi rezultatet pozitive , respektivisht sukseset e arritura të rëndësishme për të gjitha pushtetet lokale në vend, midis të cilave edhe pjesëmarrja aktive në përgatitjen e ligjit për tokën ndërtimore që është në procedurë parlamentare dhe një sërë aktivitetesh në përgatitjen e ligjit për trajtimin e ndërtimeve të ndërtuara pa leje, që është në procedurë qeveritare. Anëtarët e BD ishin këmbëngulës për qëndrimin se pushteteve lokale u duhet pavarësi më e madhe financiare, e paraqitur edhe në qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së, ku në mënyrë të qartë është theksuar kërkesa që në vitin 2011 nga mjetetet e TVSH-së komunat të fitojnë 4,5%, respektivisht ajo përmban 6% në vitin 2012. Në raport me tatimin personal, që përmes analizave të kryera në BNJVL, në të gjitha shtetet e rajonit dhe në Evropë, përqindjen më të madhe e fitojnë pushtetet lokale, BNJVL kërkon që në vitin 2011, 15% të këtyre mjeteve të shkojnë në komunë, ndërsa në vitin 2012 më së paku 30%.

U diskutua edhe për kërkesa tjera të rëndësishme të BNJVL-së që kanë të bëjnë me përmirësimin e kushteve për kryerjen e kompetencave të pushteteve lokale, veçanërisht për ato që kanë të bëjnë me nevojën e ndryshimeve të ligjeve dhe akteve ndërligjore, por edhe aprovimin e ligjeve të reja, midis të cilave edhe ligji për veprimtaritë komunale.

U diskutua edhe për përforcimin e lobimit për komunat të cilat ende ndodhen në fazën e parë të decentralizimit fiskal, të veprojë Qeveria për të vazhduar me sigurimin e fletëobligacioneve afatgjate, afatet për kthyerjen e të cilave prej 5 do të rriteshin në 10 vite, si dhe përtrirjen e mënyrës alternative për kreditim, midis të cilave u përmend konferenca e ardhshme për fletëobligacionet komunale, përkrahur nga Ministria për financa dhe USAID. E tërë kjo me qëllim që në gjysmën e parë të vitit 2011 të gjitha komunat t'i realizojnë kushtet e nevojshme dhe të hyjnë në fazën e dytë të decentralizimit fiskal.

Gjatë shqyrtimit të Buxhetit dhe Planit Aksional të BNJVL-së për vitin 2011, u diskutua edhe për sigurimin e mundësive për përkrahjen e komunave të cilat ende ndodhen në fazën e parë të decentralizimit, lidhur me trajnimet falas që i organizon BNJVL për administratën komunale. U argumentua edhe iniciativa nga BNJVL për rritjen e anëtarësimit për 2 denarë, respektivisht ajo të përmbajë gjithsejt 8 denarë për banor. Me ç'rast u shpjegua dedikimi konkret i këtyre mjeteve, të cilat duhet të sigurojnë kursim të mjeteve të komunave për zhvillimin e e-komunës, zhvillimin e aplikimeve softuerike, zhvillimin e resurseve njerëzore për mirëmbajtjen e këtyre sistemeve.

Anëtarët e BD iniciuan propozime dhe kërkesa të reja, midis të cilave të dërgohet kërkesë deri te Qeveria e RM, 2% nga pagesa e lojërave të fatit t'u dedikohen komunave, pastaj të organizohen punëtori tematike për problemet me të cilat ballafaqohen pushtetet lokale në procedurat nga denacionalizimi, ndërsa u theksua edhe nevoja për inicimin e ndryshimeve të caktuara në ligjin për eksproprijim. U përmend nevoja nga shqyrtimi i procedurave gjatë transformimit të tokës bujqësore në atë ndërtimore, çështje të caktuara nga lëmia e efikasitetit energjetik, ndërsa u diskutua edhe për iniciativën e parashtruar për gjetjen e zgjidhjes së përbashkët për përcaktimin e standardeve të caktuara gjatë përcaktimit të çmimit të ujit për pije.

## BQT, BNJPE DHE ZYRA PËR KOMUNIKIM NË BRUKSEL-NJËSI TË REJA NË BNJVL

Në këtë seancë unanimisht u votua Buxheti i BNJVL-së dhe Plani Aksional për vitin 2011, Strategjia për TIK për 2011-2015, Plani për furnizime publike për 2011 si dhe ndryshimi dhe plotësimi i aktit për sistematizim ku parashikohet riorganizim në tri njësi të veçanta, lënda e punës së të cilit, tash më ekzekutohet nga ana e njësive të përhershme organizative. Qëllimi është rritja e shkallës së shërbimeve të BNJVL-së ndaj anëtareve të saja, me ç'rast përcaktohen: Qendra për trajnim dhe përsosje profesionale, me shkurtesë ,,BNJVL-Qendra e trajnimeve-BQT", Zyra e BNJVL-së për komunikim në Bruksel dhe Njësia për përkrahjen e e-komunave pranë BNJVL-së-me shkurtesë ,,BNJPE".

# ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ БАРААТ ДА УПРАВУВААТ СО ШУМИТЕ



# PUSHTETET LOKALE KËRKOJNË TË MENAXHOJNË ME PYJET

Покренување на иницијатива за обезбедување на правото за управување со шумите од страна на локалната самоуправа, разгледување на можностите за вклучување на шумарството во програмите за рурален развој и продлабочување на соработка помеѓу Комисијата за рурален развој при ЗЕЛС со Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми и со СНВ за прашања поврзани за шумарството. Ова се дел од заклучоците кои произлегоа од работилницата „Шумарството во политиката на руралниот развој" организирана на 10 и 11 декември 2010 година во Берово, од страна на СНВ – Холандска развојна организација во соработка со ЗЕЛС, на која присуствуваа претставници од Комисијата за рурален развој при ЗЕЛС, градоначалници од руралните општини, од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, националниот координатор на Глобалниот Еколошки фонд - Програмата за мали грантови на УНДП како и претставници на Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми.

Дускусиите беа насочени кон детектирање на можностите за вклучување на шумарството во политиката за рурален развој и развивање на улогата на локалните власти во креирањето на оваа политика. Присутните беа запознаени со состојбата на шумарството на Балканот и во Европа преку примери за мерки од шумарството во рамките на политиката за рурален развој во Европската унија, а воедно се запознаа и со активностите на СНВ и Националната асоцијација на сопствениците на приватни шуми за вклучување и опфаќање на шумарството под делот рурален развој.

Особено беше интересно претставувањето на можностите за користење на фондовите од Европската унија во рамките на политиката за рурален развој со осврт на ЛИДЕР пристапот во областа на шумарството. Градоначалникот на општина Берово, Драги Нацински, ја претстави општина Берово и можностите за развој преку вклучување на шумарството во руралниот развој. Тој, исто така, ги истакна можностите кои во моментот општината ги користи за развој на општината, а кои пред сѐ имаат за цел развој на туризмот во Берово.

Ngritja e iniciativës për sigurimin e së drejtës për menaxhimin me pyjet nga ana e vetëqeverisjes lokale, shqyrtim i mundësive për përfshirjen e pylltarisë në programet e zhvillimit rural dhe thellësimin e bashkëpunimit midis Komisionit për zhvillim rural pranë BNJVL-së, me Asociacionin Nacional për pronarët e pyjeve private dhe me SNV për çështjet lidhur me pylltarinë. Këto janë pjesë e konkluzioneve të cilat rrodhën nga punëtoria ,,Pylltaria në politikën e zhvillimit rural" e organizuar më 10 dhe 11 dhjetor, 2010, në Berovë, nga ana e SNV-Organizatë Zhvillimore Holandeze në bashkëpunim me BNJVL, në të cilën morrën pjesë përfaqësues të Komisionit për zhvillim rural pranë BNJVL-së, kryetarët e komunave rurale, nga Agjencioni për përkrahje financiare të bujqësisë dhe zhvillimit rural, koordinatori nacional i Fondit Ekologjik Global-Programi për grante të vogla të UNDP si dhe përfaqësues të Asociacionit Nacional të pronarëve të pyjeve private.

Diskutimet u drejtuan ndaj detektimit të mundësive për përfshirjen e pylltarisë në politikën e zhvillimit rural dhe zhvillimin e rolit të pushteteve lokale në krijimin e kësaj politike. Të pranishmit u njohtuan me gjendjen e pylltarisë në Ballkan dhe Evropë, përmes shembujve për masat nga pylltaria në kuadër të zhvillimit rural në Bashkimin Evropian, ndërsa njëkohësisht u informuan edhe me aktivitetet e SNV dhe Asociacionit Nacional të pronarëve të pyjeve private me kyçjen dhe përfshirjen e pylltarisë në pjesën e zhvillimit rural.

Mjaft interesante ishte paraqitja e mundësive për shfrytëzimin e fondeve të Bashkimit Evropian në kuadër të politikës për zhvillim rural me shqyrtim të LIDER - çasjes në lëminë e pylltarisë. Kryetari i komunës së Berovës, Dragi Naxhiski, e paraqiti komunën e Berovës dhe mundësitë për zhvillim përmes kyçjes së pylltarisë në zhvillimin rural. Ai gjithashtu i theksoi mundësitë të cilat për momentin komuna i shfrytëzon për zhvillimin e komunës, të cilat para se gjithash synojnë zhvillimin e turizmit në Berovë.

# ОДРЖАНА ТРЕТА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС



-„ Законот за градежно земјиште, со кој на општините им се дава право да управуваат со градежното неизградено земјиште што го имаат на својата територија е во собраниска процедура и до крајот на годинава очекуваме да биде изгласан. Тоа навистина е голем успех за ЗЕЛС, бидејќи во него се содржани значајни измени што ги предлагаше ЗЕЛС, активно вклучувајќи се во целиот процес на неговата подготовка. Во предложените законски одредби обезбедивме ЗЕЛС тренинг центарот да го организира и спроведува обучувањето на овластените општински лица, за да можат адекватно да ја спроведуваат постапката за продажба и закуп на градежното неизградено земјиште на нивна територија, што е во прилог на сите локални власти. Придобивка од законот е и можноста на општините да овозможат поголемо заживување на развојот на локалната економија. Втор значаен закон, кој исто така е во собраниска процедура, повторно иницииран од страна на ЗЕЛС, е законот за легализација на бесправно изградените градби. Со овој закон очекуваме дефинитивно да ставиме крај на постоењето на бесправни градби, со што ќе се овозможи создавање на поадекватно урбано планирање во општината. Мал напредок постигнавме и во обезбедувањето на поголема финансиска стабилност за општините, но сепак не сме задоволни од постигнатото и натаму ќе инсистираме зафаќањата од персоналниот данок да изнесуваат најмалку 30%, а од ДДВ најмалку 6%.

Ова е дел од обраќањето на претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, за постигнатите резултати и идните правци на дејствување на ЗЕЛС, што ги презентираше пред членовите на највисокото тело на Заедницата- Генералното собрание на ЗЕЛС на третата седница, која се одржа на трети декември 2010 година, во хотел „Бистра" ,Маврово, истиот ден кога беше одбележан јубилејот –пет години децентрализација во Република Македонија.

Во излагањето, исто така, беше посочено дека уште осум општини се во првата фаза од децентрализацијата, а ЗЕЛС е во преговори со Владата да се овозможи поедноставување на постапката за обезбедување согласност за задолжување во комерцијални банки, како и обезбедување на долгорочни позајмици, со надеж дека следната година сите општини ќе бидат во втората фаза. Во контекст на блокирањето на сметките, беше истакнато дека ЗЕЛС бара да се промени и Законот за извршување кој ќе го утврди минимални от износ на потребни средства за непречено функционирање на општините кој нема да биде предмет на извршување. На овој начин ќе го ограничиме паушалниот пристап на општините. Преку Комисијата за енергетика ЗЕЛС активно се вклучи во преговорите со Владата на Република Македонија за бришење на каматите на долговите на општините кон ЕВН. Со цел да се обезбедат поголеми приходи за општините, ЗЕЛС ги реафирмираше ставовите за измени на Законот на даноци на имот, а особено да се гарантира правото на Комисиите за проценка да вршат директен увид во имотот, кој е предмет на процена. ЗЕЛС побара да се измени методологијата за проценка на данокот на имот. Иницирана беше и постапка на изменување и дополнување на Законот за судските такси, со кои бараме општините да се ослободат од плаќање во предметите пред судовите. Во областа на образованието, ЗЕЛС е во постојани преговори со ресорното министерство, за што се овозможи во буџетот за следната година, да се обезбедат повеќе средства кои донекаде ќе ги покријат долговите направени во оваа надлежност. Како асоцијација на сите членки ЗЕЛС не ги заборава и интересите на руралните општини и е во континуирано лобирање и разговори за реафирмираме на барањето персоналниот данок од земјоделска дејност во целост (100 %) да биде приход на општините, а средствата добиени од закупнините на земјоделското земјиште и пасиштата, како и средствата добиени како надомест од концесија за лов и риболов, да се распределат во соодност 20% - 80%, во корист на општините. ЗЕЛС активно ќе се вклучи и во утврдувањето на содржината на новиот Закон за шуми. Активности имаше и во иницирање на постапки за изменување и дополнување на Законот за заштита на животната средина со што „оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина" да не биде на товар на општината, а постигната е согласност за целосна ревизија на системот на комуналните дејности, каде ЗЕЛС ќе биде вклучен преку својата Комисија во комунални дејности.

Локалната власт ја поддржува централната власт во процесот на исполнување на условите за евроинтерграцијата на нашата земја, за што во извештајот на Европската комисија за напредокот на нашата земја, децентрализацијата е оценета со континуиран напредок. На патот на обезбедувањето на поголема искористеност на средствата од ИПА фондовите, искористување на искуствата и добрите практики од локалното владеење од европските земји, како и иницирање на нови фондови за локалните власти од нашата земја, ЗЕЛС и Градот Скопје отворија заедничка канцеларија, во срцето на Европската унија, во градот Брисел.

Членовите на Генералното собрание изгласаа неколку значајни документи за работата на ЗЕЛС, при што беше усвоен Буџетот на Заедницата за 2011 година со Акциониот план, а беше усвоена и завршната сметка за финансиското работење на ЗЕЛС за 2009 година. На дневен ред беше ставена и точката за зголемување на членарината за два денари. Оваа иницијатива беше прифатена и од членовите на Генералното собрание, за што беше донесена одлука според која општините од 2011 година како членарина за ЗЕЛС ќе плаќаат по осум денари по глава на жител.

## ЗЕЛС ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ОГРОМНА ПОЕДИНЕЧНА ЗАШТЕДА НА СЕКОЈА ОПШТИНА, САМО СО ДОПОЛНИТЕЛНИ ДВА ДЕНАРИ ЗГОЛЕМЕНА ЧЛЕНАРИНА

*Зголемувањето на членарината од два денара, всушност претставува огромна поединечна заштеда за секоја општина. Проценките покажуваат дека индивидуалните инвестиции на секоја поединечна општина за развивање на започнатите и предвидените софтверски решенија од ЗЕЛС секоја општина поединечно би ја чинеле најмалку од 20.000 – 50.000 евра. Со овие два дополнителни денари софтверите во ЗЕЛС ќе им бидат достапни истовремено на сите општини, со што уште еднаш потврдуваме дека ЗЕЛС има еднаков третман кон сите свои членки*

Членовите на Генералното собрание гласаа за зголемување на членарината за ЗЕЛС за два денари, односно таа да изнесува осум денари по глава на жител во општината, што ќе се пресметува од следната 2011 година.

Иницијативата беше поткрепена со низа факти утврдени и усогласени и со новата Стратегија за развој на информатичко – комуникациската технологија (ИКТ) и е-општини за 2011 - 2015 година. Во согласност со оваа стратегија за ИКТ на ЗЕЛС, изготвена од страна на Комисијата за е-општини на ЗЕЛС, експерти и со широка вклученост и консултација со општините, ЗЕЛС започнува со испорачување на електронски услуги на нејзините членки, со цел брз развој на општините, скратување на времето за администрирање на услугите, зголемување на ефикасноста, транспарентноста и ефективноста во работењето. Во тој контекст ЗЕЛС пристапи кон формирање на посебна административно – техничка единица за поддршка на е-општините. Преку набавка на софистициран хардвер и софтвер ЗЕЛС обезбеди бесплатни веб - базирани софтверски решенија за општините. ЗЕЛС го развива софтверот за електронска аукција на општините и софтверот за регистарот на градежното земјиште во согласност со новите надлежности утврдени со Законот. Исто така, ЗЕЛС обезбеди и софтверско решение за мерење на енергетската ефикасност на општините, а ќе овозможи и бесплатно поставување на интеренет страниците на општините на локацијата на ЗЕЛС.

Проценките покажуваат дека индивидуалните инвестиции на секоја поединечна општина би изнесувале од 20.000 – 50.000 евра за самостојно развивање на овие софтверски апликации, износ кој е денес недостижен особено за руралните општини. Сите овие апликации општините ќе ги добиваат бесплатно од ЗЕЛС. Зголемувањето на членарината од два денара всушност претставува огромна поединечна заштеда за секоја општина. Со овие два дополнителни денари софтверите во ЗЕЛС ќе им бидат достапни истовремено на сите општини, на урбаните и руралните. За оваа цел оваа година го поддржуваме изготвувањето на уште 15 локални ИКТ стратегии.

## U MBAJT SEANCA E TRETË E KUVENDIT GJENERAL TË BNJVL-SË



,, Ligji për tokën ndërtimore, me të cilin komunave u jepet e drejta të menaxhojnë me tokën e pandërtuar ndërtimore që ndodhet në territorin e tyre, është në procedurë parlamentare dhe deri në fund të vitit presim që të votohet. Kjo me të vërtetë është sukses i madh i BNJVL-së, sepse në të ndodhen ndryshime të rëndësishme të cilat i propozoi BNJVL, duke u përfshirë në mënyrë aktive në tërë procesin e përgatitjes së tij. Në dispozitat e propozuara ligjore siguruam që BNJVL-Qendra e Trajnimeve t'a organizojë dhe zbatojë trajnimin e personave të autorizuar nga komunat, që të mund në mënyrë adekuate t'a zbatojnë procedurën për shitjen dhe qiranë e tokës së pandërtuar ndërtimore në territorin e tyre, që është në dobi të të gjitha pushteteve lokale. Përfitim nga ligji është edhe mundësia që komunave t'u mundësohet përtrirje më e madhe të zhvillimit të ekonomisë lokale. Ligji i dytë i rëndësishëm, që gjithashtu është në procedurë parlamentare, sërish i iniciuar nga ana e BNJVL-së, është Ligji për legalizimin e ndërtimeve të ndërtuara pa leje. Me këtë ligj presim që definitivisht t'i japim fund ekzistimit të ndërtimeve të ndërtuara pa leje me ç'rast do të mundësohet krijim i planifikimit urban më adekuat në komunë. Përparim të vogël arritëm edhe në sigurimin e stabilitetit më të madh financiar për komunat, por sërish nuk jemi të kënaqur nga e arritura edhe më tutje do të insistojmë përfshirja e tatimit personal të përmbajë më së paku 30%, ndërsa nga TVSH-ja më së paku 6%.

Kjo është pjesë e fjalimit të kryetarit të BNJVL-së, Koce Trajanovski, për rezultatet e arritura dhe drejtimet e ardhshme të veprimit të BNJVL-së, që i prezantoi para anëtarëve të trupit më të lartë të Bashkësisë-Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së në seancën e tretë, që u mbajt më 3 dhjetor,2010, në hotelin ,,Radika", Mavrovë, ditën e njejtë kur u shënua jubileu – pesë vite decentralizim në Republikën e Maqedonisë.

Në fjalim, gjithashtu u përmend se edhe tetë komuna janë në fazën e parë nga decentralizimi, ndërsa BNJVL është në negociata me Qeverinë që të mundësojë thjeshtëzimin e procedurës për sigurimin e pajtueshmërisë për marrjen borxh në bankat komerciale si dhe sigurimin e kredive afatgjate, me shpresë se vitin e ardhshëm të gjitha komunat do të jenë në fazën e dytë. Në kontekst të bllokimit të llogarive, u theksua se BNJVL kërkon të ndryshohet edhe Ligji për ekzekutim i cili do t'a përcaktojë

shumë minimale të mjeteve të nevojshme për funksionimin e papenguar të komunave që nuk do të jetë lëndë e ekzekutimit. Në këtë mënyrë do t'a kufizojmë qasjen paushale të komunave. Përmes Komisionit për energjetikë BNJVL në mënyrë aktive është kyçur në negociatat me Qeverinë e Republikës së Maqedonisë për shlyerjen e kamatave të borxheve të komunave ndaj EVN. Me qëllim që të sigurohen të ardhura më të mëdha për komunat, BNJVL i riafirmoi qëndrimet për ndryshime në Ligjin e tatimeve të pronës, veçanërisht të garantohet e drejta e Komisioneve për vlerësim të kryejnë këqyrje direkte në pronën që është lëndë vlerësimi. BNJVL kërkon të ndryshohet metodologjia për vlerësimin e tatimit të pronës. U iniciua edhe procedura për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për taksat gjyqësore, me të cilat




kërkojmë që komunat të lirohen nga pagesa e lëndëve para gjykatave. Në lëminë e arsimit, BNJVL është në negociata të vazhdueshme me ministrinë e resorit, me ç'rast u mundësua që në buxhetin e vitit të ardhshëm, të sigurohen më shumë mjete të cilat deri diku do t'i mbulojnë borxhet e krijuara në këtë kompetencë. Si asociacion i të gjitha anëtareve BNJVL, nuk i harron as interesat e komunave rurale, dhe është në lobim të vazhdueshëm dhe negociata për riafirmimin e kërkesës që tatimi personal nga veprimtaria bujqësore në përgjithësi (100%) të jetë e ardhur e komunave, ndërsa mjetet e fituara nga qiraja e tokës bujqësore dhe kullosave, si dhe mjetet e fituara si kompensim nga koncesioni për gjueti dhe peshkatari të shpërndahen në raport 20%-80% në dobi të komunave. BNJVL në mënyrë aktive do të kyçet edhe në përcaktimin e përmbajtjes së Ligjit të ri për pyjet. Aktivitete kishte edhe në inicimin e procedurave për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për mbrojtjen e mjedisit jetësor me të cilin ,,vlerësimi i ndikimit të strategjive të caktuara, planeve dhe programeve mbi mjedisin jetësor" të mos jetë në barrë të komunës, ndërsa pajtueshmëria e arritur për revizionin e përgjithshëm të sistemit të veprimtarive komunale, ku BNJVL do të kyçet përmes Komisionit të saj në veprimtaritë komunale.

Pushteti lokal e përkrah pushtetin qëndror në procesin e plotësimit të kushteve për eurointegrimin e vendit tonë, me ç'rast në Raportin e Komisionit Evropian për përparimin e vendit tonë, decentralizimi është vlerësuar si përparim i vazhdueshëm. Në rrugën e sigurimit të shfrytëzimit më të madh të mjeteve nga IPA fondet, shfrytëzimi i praktikave të mira dhe përvojave në qeverisjen lokale nga vendet evropiane si dhe inicimi i fondeve të reja për pushtetet lokale nga vendi jonë, BNJVL dhe Qyteti i Shkupit hapën zyre të përbashkët, në zemër të Bashkimit Evropian, në qytetin e Brukselit.

Anëtarët e Kuvendit Gjeneral votuan disa dokumente të rëndësishme për punën e BNJVL-së, me ç'rast u miratua Buxheti i Bashkësisë për vitin 2011 me Planin Aksional, ndërsa u miratua edhe llogaria përfundimtare për punën financiare të BNJVL-së për vitin 2009. Në rend dite u vendos edhe pika për rritjen e anëtarësimit për 2 denarë. Kjo iniciativë u pranua nga anëtarët e Kuvendit Gjeneral, me ç'rast u soll vendim sipas së cilit komunat nga viti 2011 si anëtarësim ndaj BNJVL-së do të paguajnë nga tetë denarë për një banor.

## BNJVL DO TË SIGUROJË KURSIM INDIVIDUAL TEJET TË MADH PËR ÇDO KOMUNË, VETËM ME DY DENARË PLOTËSUES NGA RRITJA E ANËTARËSIMIT

*Rritja e anëtarësimit prej e dy denarëve, në fakt paraqet një kursim të madh për çdo komunë. Vlerësimet tregojnë se investimet në çdo komunë në veçanti, për zhvillimin e vendimeve të vazhdueshme dhe të planifikuara softuerike nga BNJVL, çdo komunë në veçanti do t'a kushtonte të paktën prej 20.000 - 50.000 euro . Me këto dy denarë shtesë softuerët e BNJVL-së do t'u jenë të afrueshëm në dispozicion të njëjtën kohë për të gjitha komunat, me ç'rast edhe një herë vërtetojmë se BNJVL ka trajtim të barabartë për të gjitha anëtaret e saja*

Anëtarët e Kuvendit Gjeneral votuani për rritjen e anëtarësimit të BNJVL-së për 2 denarë, respektivisht ajo të përmbajë tetë denarë për një banor në komunë, e cila do të kalkulohet prej vitit të ardhshëm 2011.

Iniciativa u mbështet me një sërë faktesh të përcaktuara dhe të një harmonizuara edhe me strategjinë e re për zhvillimin e teknologjive informatike-komunikative (TIK) dhe e-komunat për vitin 2011-2015. Konform kësaj Strategjie për TIK të BNJVL-së , e hartuar nga ana e Komisionit për e-komuna të BNJVL-së, të ekspertëve dhe me pjesëmarrje të gjerë dhe konsultime me komunat, BNJVL filloi me dërgesën e shërbimeve elektronike për anëtaret e saja në mënyrë që të zhvillimit të shpejtë të komunave, shkurtimin e kohës për administrimin e shërbimeve, rritjen e efikasitetit, transparencës dhe efikasitetit në punët. Në këtë kontekst BNJVL u afrua ndaj formimit të një njësi të veçantë administrative- teknike për përkrahjen e e-komunave. Nëpërmjet furnizimit të të sofistikua të harduerit dhe softuerit, BNJVL siguroi ueb- vendim me bazë softuerike për komunat. BNJVL zhvillon softuerin për aukcion elektronik për komunat dhe softuerin për regjistrin e tokës ndërtimore, konform kompetencave të reja të përcaktuara me Ligj. Gjithashtu BNJVL siguroi edhe zgjidhje softuerike për matjen e efikasitetit energjetik të komunave, ndërsa do të sigurojë edhe vendosjen e interenet faqeve të komunave në lokacionet e BNJVL-së.

Vlerësimet tregojnë se investimet individuale në çdo komunë në veçanti do të përmbajë prej 20.000 - 50.000 euro për zhvillimin e pavarur të këtyre aplikimeve softuerike, një shumë që sot është e paarritshme, veçanërisht për komunat rurale. Të gjitha këto aplikime softuerike komunat do t'i marrin falas nga BNJVL. Me këto dy denarë plotësues të softuerëve në BNJVL, do t'u jenë të afrueshme njëkohësisht të gjitha komunave, edhe komunave urbane edhe atyre rurale. Për këtë qëllim, do t'a mbështesim hartimin edhe të 15 TIK strategjive lokale.

# ОПШТИНСКИТЕ ОБВРЗНИЦИ-ЗНАЧАЕН ЧЕКОР ЗА ФИНАНСИСКА САМОСТОЈНОСТ И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНИТЕ

# FLETËOBLIGACIONET KOMUNALE-HAP I RËNDËSISHËM PËR PAVARËSINË FINANCIARE DHE ZHVILLIMIN EKONOMIK TË KOMUNAVE

На седми декември 2010, на Скопски саем, ЗЕЛС и проектот на УСАИД за локална самоуправа организира Конференција на тема „ Развивање на пазарот на капитал на општините во Македонија". Целта на Конференцијата беше да придонесе кон натамошно унапредување на системот за финансирање на локалната самоуправа во Македонија преку поттикнување и создавање услови за емисија на општински обврзници.

Пред поголемиот број градоначалници и финансиски работници од општините во Македонија, претставниците на Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Светска банка како и инвестициските фондови, пензиски друштва, банки, осигурителни компании и брокерски друштва, претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски истакна дека идејата произлегува од интензивните размислувања во ЗЕЛС за заживување на законските можности за издавање на општински обврзници, изнесена и на средбата на ЗЕЛС со централната власт. Трајановски истакна дека издавањето на општински обврзници ќе придонесе да се ослободи дел од неискористениот капитал што лежи во разни фондови, а може да придонесе за заживување на локалната економија, за обезбедување на инвестиционен капитал за изградба на крупни капитални инфраструктурни инвестиции. Тој се заблагодари за поддршката на УСАИД, што ја дава за добивањето на мислење за кредитен рејтинг за десетина општини, што претставува дел од процесот на издавање на општински обврзници, истакна уверување дека напролет во 2011 година ќе бидат издадени и првите општински обврзници во нашата земја.

На конфренцијата присуствуваше и Министерот за финансии, Зоран Ставрески, кој упати препораки до општините да се започнат да размислуваат за емитување на општинските обврзници, како алртернативен извор на средства и ефикасен инструмент за финансирање на капитални објекти во општините, потенцирајќи дека тие ќе бидат и значаен импулс за заживување на летаргичниот пазар на хартии од вредност. Истакна дека министерството подготвуваат измени за пензиските фондови, во правец на заживување на ваквите активности и искористување на овие средства, а исто така додаде дека при издавањето на обврзниците министерството ќе води грижа за можностите за задолжување на секоја заинтересирана општина .

Директорот на мисијата на УСАИД во Македонија, г-динот Мајкл Фриц, истакна дека оваа конференција претставува надоврзување на досегашната континуирана поддршка што УСАИД ја обезбедува во насока на финансиско зајакнување на општините и развивање, како на законската регулатива за задолжување, така и на пазарот на капитал на единиците на локалната. Тој им честита на новите пет општини Гевгелија, Киманово, Штип, Илинден и Гостивар, кои потпишаа меморандуми со УСАИД за поддршка за евалуирање на нивниот кредитен рејтинг.

Поканетите претставници од градовите Ријека и Копривница од Хрватска ги презентираат своите позитивни искуства при користење на општинските обврзници, а присутните имаат можност да се запознаат со чекорите што ги преземал градот Нови Сад во обидот да издаде општински обврзници. На конференцијата беа споделени и добрите практики од емисија на општински обврзници преку примерите на неколку бугарски општини, како и преку искуството од Унгарија.

Më shtatë dhjetor 2010, në Panairin e Shkupit, BNJVL dhe Projekti i USAID për vetëqeverisje lokale organizon Konferencë me temë ,,Zhvillimi i tregut të kapitalit të komunave në Maqedoni". Qëllimi i Konferencës ishte të kontribuojë ndaj avancimit të mëtejmë të sistemit për financim të vetëqeverisjes lokale në Maqedoni përmes nxitjes dhe krijimit të kushteve për emision të fletëobligacioneve komunale.

Para një numri të madh të kryetarëve të komunave dhe punëtorëve financiar nga komunat në Maqedoni, përfaqësuesit Ministrisë për financa, Komisioni për letër me vlerë, Banka Botërore si dhe fondet investuese, shoqatat e pensionerëve, bankat, kompanitë e sigurimit dhe shoqëritë komisionere, kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanvoski theksoi se idea rrjedh nga mendimet intensive në BNJVL-së për përtrirjen e mundësive ligjore për dhënien e fletëobligacioneve komunale, të parashtruara edhe në takimin e BNJVL-së me pushtetin Qëndror. Trajanovski theksoi se dhënia e fletëobligacioneve komunale do të kontribuojë të lirohet pjesë e kapitalit të pashfrytëzuar që është në fonde të ndryshme, ndërsa mund të kontribuojë për përtrirjen e ekonomisë lokale, për sigurimin e kapitalit investues për ndërtimin e infrastrukturave të mëdha kapitale investuese. Ai u falenderua për përkrahjen e USAID që e jep për marrjen e mendimit për rejtingun kreditues për dhjetëra komuna, që paraqet pjesë nga procesi i dhënies së fletëobligacioneve komunale, u shpreh i sigurtë se në pranverë të vitit 2011 do të jepen edhe fletëobligacionet e para komunale në vendin tonë.

Në konferencë morri pjesë edhe ministri për financa, Zoran Stavreski, i cili dha rekomandime deri te komunat të fillojnë të mendojnë për emitimin e fletëobligacioneve komunale, si alternativë burimore të mjeteve dhe instrument efikas për financnimin e objekteve kapitale në komunë, duke potencuar se të njejtat do të jenë edhe impuls i rëndësishëm për përtrirjen e tregut letargjik të letrave me vlerë . Theksoi se minsitria përgatit ndryshime për fondet pensionale, në drejtim të përtrirjes së aktiviteteve të këtilla dhe shfrytëzimin e këtyre mjeteve, gjithashtu shtoi gjatë dhënies së fletëobligacioneve, ministria do të ketë kujdesë për mundësitë për marrje borxh të çdo komune të interesuar.

Drejtori i Misionit të USAID në Maqedoni, z.Majkëll Fric theksoi se kjo Konferencë paraqet lidhshmëri të përkrahjes së deritanishme të vazhdueshme që USAID e siguron në drejtim të përforcimit financiar të komunave dhe zhvillimin si të rregullativës për marrje borxh, ashtu edhe tregut të kapitalit të njësive të vetëqeverisjes lokale. Ai u uroi pesë komunave të reja: Gjevgjelisë, Shtipit, Kumanovës, Ilindenit dhe Gostivarit, të cilat firmosën memorandum me USAID për përkrahjen e evaluimit të rejtingut kreditues të tyre.

Përfaqësuesit e ftuar të qyteteve Rijeka dhe Koprivnica nga Kroacia i prezantuan përvojat e tyre pozitive gjatë shfrytëzimit të fletëbligacioneve komunale, ndërsa të pranishmit kishin mundësi të njihen me hapat që i ndërmorri qyteti Novi Sad në përpjekjen për të dhënë fletëobligacione komunale. Në konferencë u ndanë edhe praktikat e mira nga emisioni i fletëobligacioneve komunale përmes shembujve të komunave bullgare, si dhe përmes përvojës nga Hungaria.

## ОДРЖАНА ТРЕТАТА СЕДНИЦА НА КОМИТЕТОТ НА СОВЕТИТЕ ПРИ ЗЕЛС
## U MBAJT SEANCA E TRETË E KOMITETIT TË KËSHILLAVE PRANË BNJVL-SË

Третата седница на Комитетот на советите при ЗЕЛС се одржи на 10 декември (петок) со почеток во 15 часот, во просториите на ЗЕЛС. На седницата членовите на комитетот беа информирани за активностите на ЗЕЛС во изминатиот период, за заклучоците од одржаниот состанок на Управниот одбор на ЗЕЛС со Владата на РМ, како и се информираа за текот и заклучоците од последното Генерално собрание на ЗЕЛС.

Покрај овие информации, членовите на Комитетот се запознаа со содржината на систематизираните ставови на ЗЕЛС, при што дадоа поддршка на работата на ЗЕЛС во решавањето на сите прашања предмет на овој документ.

Беше отворено и прашањето за улогата на сите членови на Комитетот кои ја презедоа обврската да организираат средби со претседателите на советите од регионот од кој што доаѓаат, за да ги пренесат сите информации добиени на состанокот околу работата на ЗЕЛС, како и поблиску да се информираат за сите прашања кои ги засегаат претставниците на советите на општините.

Seanca e tretë e Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së, u mbajt më 10 dhjetor (e premte) me fillim në ora 15, në hapësirat e BNJVL-së. Në seancë anëtarët e komitetit u informuan për aktivitetet e BNJVL-së në periudhën e kaluar, për konkluzionet nga mbledhja e mbajtur e Bordit drejtues të BNJVL-së me Qeverinë e RM siç u informuan edhe për rrjedhën dhe konkluzionet nga Kuvendi i fundit gjeneral i BNJVL-së.

Krahas këtyre informacioneve anëtarët e Komitetit u njohtuan me përmbajtjen e Qëndrimeve të sistematizuara të BNJVL-së me ç'rast i dhanë përkrahje punës së BNJVL-së në zgjidhjen e të gjitha çështjeve lëndë e këtij dokumenti.

U hap edhe çështja për rolin e çdo anëtari të Komitetit që morrën obligim të organizojnë takime me kryetarët e këshillave nga rajoni nga i cili rrjedhin që t'i bartin të gjitha informacionet e marra në mbledhjen rreth punës së BNJVL-së si dhe që më afër të informohen për të gjitha çështjet të cilat i tangojnë përfaqësuesit e këshillave të komunave.

## ФОРМИРАНА НОВА МРЕЖА НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ЗЕЛС
## U FORMUA RRJET I RI I NJËSIVE ZJARRFIKËSE TË BNJVL-SË

На иницијатива на противпожарните единици за формирање на свое тело во рамките на организациската структура на ЗЕЛС, на 20 декември 2010 година во просториите на ЗЕЛС се одржа конститутивната седница за официјализирање на „Мрежата на противпожарните единици во Република Македонија". Ова тело, во кое противпожарните единици во Република Македонија се претставени преку своите командири, избра и свое претседателство, во состав : претседател Благоја Менковски, командир на ППЕ на Град Скопје, и двајца потпретседатели Костадин Поповски, командир на ППЕ Битола, и Урим Каба, командир на ППЕ Струга.

Иницијативата за формирање на Мрежата на ППЕ во земјава произлезе пред сѐ заради решавање на утврдените проблеми со кои се соочуваат општините во Република Македонија со преземањето на надлежноста во областа на противпожарната заштита, како и размена на искуства и меѓусебно помагање и координирање во оваа специфична област на дејствување.

Mes tjerash, këtë theksoi kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski në Konferencën, që më 3 dhjetor, 2010 e organizoi BNJVL me përkrahjen e OSBE-së, me rastin e jubileut pesë vite nga fillimi i implementimit të procesit të decentralizimit në vendin tonë. Në Konferencë fjalim mbajtën, zëvendës kryeministri i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, Abdulaqim Ademi, ministri për vetëqeverisje lokale, Musa Xhaferi, shefi i Misionit të OSBE-së, Hoze Luis Herero, euroambasadori Ervan Fuere, ambasadori i SHBA-ve, Filip Riker dhe përfaqësuesi i UNDP në vendin tonë Diadre Bojd. Në konferencë morrën pjesë kryetarët e komunave, përfaqësues të lartë nga organizatat ndërkombëtare të pranishme në vendin tonë dhe mediat.

Kryetari i BNJVL-së, në fjalimin e tij para të pranishmëve i përmendi rezultatet e arritura të pushteteve lokale në kryerjen e kompetencave të tyre, si dhe aktivitetet që BNJVL i ndërmerr me qëllim përmirësimi të kushteve për kryerjen e këtyre kompetencave me qëllim të sigurimit të shërbimeve dhe kushteve më të mira për jetesën e qytetarëve. Midis sukseseve të përmendura të arritura vetëm në vitin e fundit, të pestë, nga decentralizimi, Trajanovski e theksoi hartimin definitiv të ligjit për tokën ndërtimore, me të cilin parashikohet që pushtetet lokale të menaxhojnë me tokën ndërtimore, si deri më tani që këtë në emër të shtetit e kryen MTL, me ç'rast do të sigurohen kushte për pavarësi më të madhe financiare të komunave dhe zhvillimi më i madh i ekonomisë lokale. Gjithashtu e theksoi edhe rëndësinë e hartimit të ligjit për legalizimin e ndërtimeve të ndërtuara pa leje, ndërsa u shpreh i sigurt se në fillim të vitit të ardhshëm edhe tetë komunat tjera do të hyjnë në fazën e dytë të decentralizimit fiskal. U theksua se BNJVL nuk është e kënaqur nga shkalla e pavarësisë financiare të komunave, me ç'rast u paraqit sigurim se do të vazhdohet në mënyrë aktive me lobim në pushtetin qëndror për ndërmarrjen e ndryshimeve, e veçanërisht në drejtim të rritjes së përfshirjes nga TVSH-ja dhe nga tatimi personal për pushtetet lokale.

Zëvendës kryeministri i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, Abdulaqim Ademi theksoi se duhet edhe më tej pushtetet lokale në mënyrë intensive të punojnë në implementimin e obligimeve nga Marrëveshja e Ohrit, me ç'rast theksoi kënaqësi nga shkalla e realizimit të tij, ndërsa ministri për vetëqeverisje lokale mes tjerash u përqëndrua në nevojën nga përforcimi i mëtejmë i kapaciteteve të administratës komunale, si njeri ndër kushtet për kryerjen e papenguar të kompetencave lokale. Shefi i misionit të OSBE-së, Hoze Luis Herero, theksoi rëndësinë e koordimit të pushteteve lokale me ministrinë për vetëqeverisje lokale në prezantimin e nevojave të tyre para pushtetit qëndror, veçanërisht në pjesën e ndryshimeve ligjore dhe rritjen e kapaciteteve fiskale të komunave, me ç'rast e theksoi edhe nevojën nga përkushtim më të madh të komunave në ndërtimin e bashkëjetesës së të gjithë përkatësve të bashkësive etnike në kuadër të çdo njësie të pushtetit lokal në vendin tonë. Euroambasadori Ervan Fuere, shprehu kënaqësi nga puna e BNJVL-së, si asociacion i të gjitha komunave nga vendi, me ç'rast ai rikujtoi raportin e këtij viti të Komsionit Evropian për përparimin e vendit tonë, në pjesën e decentralizimit dhe u shpreh i sigurt se Bashkimi Evropian edhe më tej do t'i japë përkrahje përmirësimit dhe përforcimit të mëtejmë të këtij procesi në vend. Edhe ambasadori i SHBA-ve në vendin tonë, Filip Riker, theksoi se, si edhe Bashkimi Evropian edhe SHBA-të janë të kënaqura nga avancimi i decentralizimit në vend, por edhe se në këtë fushë duhet që të punohet edhe më

му интензивно да се работи, при што истакна дека САД како и досега ќе поддржи низа конкретни проекти за локалната демократија, зголемувањето на финансиската независност на општините, транспарентноста и отчетноста на локалните власти. Претставникот од УНДП, Диадра Бојд, како резултат на одредени анкети и анализи, укажа дека треба да се посвети внимание на поголема транспарентност на локалните власти и дека вклучувањето на граѓаните во донесувањето на одлуки од локално значење е од голема важност за развивање на децентрализацијата во нашата земја.

tej në mënyrë intesive, me ç'rast theksoi se SHBA si deri më tani, do të përkrah një sërë projektesh konkrete për demokracinë lokale, rritjen e pavarësisë financiare të komunave, transparencën dhe llogaridhënien e pushteteve lokale. Përfaqësuesi i UNDP, Diadre Bojd, si rezultat i anketave të caktuara dhe analizave, theksoi se duhet t'i kushtohet vëmendje sigurimit të transparencës më të madhe të pushteteve lokale dhe se përfshirja e qytetarëve në procesin e vendimmarjes me rëndësi lokale është tejet e rëndësishme për zhvillimin e decentralizimit në vendin tonë.

# ИСТАКНАТА ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНИ НА УРЕДБАТА ЗА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ И ПОСЕДУВАЊЕ Б-ИСКЗ

ЗЕЛС, во рамки на проектот за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи, во декември 2010 година, реализираше две работилници ( во Маврово и во Велес) за претставниците од општините. На работилницата, над 70 преставници од локалните власти, заедно со експерти од Управата за животна средина при Министерството за животна средина на Република Македонија, разгледуваа поднесени барања од страна на Б-инсталации, како и соодветно на тоа издадени Б-дозволи од страна на општините, анализирајќи ги и споделувајќи ги искуствата. Посебно внимание беше посветено и на разгледување на Уредбата за надоместокот за издавање и поседување Б-ИСКЗ дозвола, за која присутните заклучија дека има одредени недоречности во текстот на уредбата, нелогичности во пресметката од што произлезе предлог ЗЕЛС да иницира предлог до министерството за нејзина измена.



За реализација на процесот на издавање на Б-дозволите од страна на општините, како сериозен проблем беше истакнат недостатокот на човечки ресурси, особено во средните и малите општини, бидејќи законодавецот предвидел во секоја општина да има најмалку две вработени лица по општина – едно за издавање на дозвола, а друго за инспекција, кои ќе се посветат на издавањето на Б-дозволите. Како не помалку важен проблем што го отежнува процесот на издвање на Б-дозволите, беше наведена и недоволната информираност на Б-инсталациите, непотполно поднесените барања, неисполнувањето на критериумите од страна на инсталација за добивање дозвола, како и недостаток на други секторски документи, одобренија, дозволи итн. Општините нотираа дека приходите кои општината ги обезбедува од издавањето на Б-дозволите се минимални, односно едвај ги покриваат основните трошоци за водење на процесот за издавање Б-ИСКЗ дозвола.

# U THEKSUA NEVOJA NGA NDRYSHIMET NË RREGULLOREN PËR KOMPENSIMIN PËR DHËNIEN DHE POSEDIMIN E B-PIKN

BNJVL në kuadër të projektit për dhënien e B-lejeve të integruara ekologjike, në dhjetor, 2010, realizoi dy punëtori (në Mavrovë dhe Veles) për përfaqësuesit e komunave. Në punëtorinë, mbi 70 përfaqësues të pushteteve lokale, së bashku me eskpertët nga Drejtoria për mjedis jetësor pranë Ministrisë për mjedis jetësor të Republikës së Maqedonisë, i shqyrtuan kërkesat e parashtruara nga ana e B-instalacioneve dhe në kuadër të saj edhe dhënia e B-lejeve nga komunat, duke analizuar dhe shkëmbyer përvojat. Vëmendje e veçantë i'u kushtua edhe shqyrtimit të Rregullores për kompensim për dhënien e lejes B-PIKN, për të cilën të pranishmit konkluduan se ka mangësi të caktuara në tekstin e Rregullores, kalkulime të palogjikshme, nga e cila doli edhe propozimi që BNJVL të iniciojë propozim deri te Ministria për ndryshimin e saj.

Për realizimin e procesit të dhënies së B-lejeve nga ana e komunave, si problem serioz u theksua mungesa e resurseve njerëzore, veçanërisht në mjediset dhe komunat e vogla, sepse ligjdhënësi ka parashikuar që në çdo komunë të ketë së paku dy persona të punësuar-njëri për dhënien e lejes, ndërsa tjetri për inspektim, të cilët do t'i përkushtohen dhënies së B-lejeve. Si problem tjetër jo më i vogël që e ndërlikon procesin e dhënies së B-lejeve u theksua edhe informimi i pamjaftueshëm për B-instalacionet, kërkesat e paplotësuara, mospërmbushja e kritereve nga ana e instalimit për marrjen e lejes dhe mungesa e dokumenteve tjera sektorike, lejet etj. Komunat notuan se të ardhurat të cilat komuna i siguron nga dhënia e B-lejeve janë minimale, respektivisht mezi i mbulojnë shpenzimet për mbajtjen e procesit për dhënien e lejeve B-PIKN.

# КОНФЕРЕНЦИЈА НА ЗЕЛС ЗА КОМИСИИТЕ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

-„ Комисиите за односи меѓу заедниците имаат важна улога во развивањето на децентрализација, меѓу другото и како процес на промовирањето на мирот и стабилноста во нашата земја. Тие обезбедуваат рамка во која граѓани од сите етнички заедници имаат можност да ги застапуваат своите интереси придонесувајќи кон мирен и хармоничен развој на општеството, почитувајќи го и етничкиот идентитет на секоја поединечна заедница. Во тој контекст ЗЕЛС, од 2006 година презема низа активности за формирање на КОМЗ и нивно зајакнување, а со поддршка на СДЦ обезбеди и комплетна опрема за симултан превод за олеснување на работата на општинските совети. Со одржувањето на денешната конференција, само покажуваме дека и натаму веруваме во потребата и улогата на овие комисии, чие постоење е загарантирано и во Законот за локална самоуправа. Всушност, законска обврска за нивно формирање имаат дваесетина општини, каде процентот на застапеност на етничкото население е поголем од 20% од вкупниот број на жители, а во пракса имаме формирано вакви комисии во околу 30 локални власти, што ја потврдува подготвеноста на општините за развој на мултикултурализмот и мултиетничкото општество.“



Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски на Конференција „Предизвици во работата на Комисиите за односи меѓу заедниците” што ја организираше ЗЕЛС на 10 декември 2010 година, во хотелот „Континентал“ на која присуствуваа, Државниот секретар на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор при Владата на Република Македонија г-дин. Илхам Исмани, претседател на парламентарниот Комитет за односи меѓу заедниците, Џеват Адеми, потоа Татјана Вон Штајгер Вебер, Директорката на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), градоначалници, претседатели на општинските совети и претседатели на Комисиите за односи меѓу заедниците, како и претставници на невладини организации кои работат на полето на градење на меѓуетнички односи.

-„ Датумот на денешната Конференција за КОМЗ се поклопува и со меѓународниот ден на правата на човекот, истакна Џеват Адеми во своето обраќање и додаде дека КОМЗ претставуваат уште еден придонес на локалните власти за побрзо остварување на одредбите од Охридскиот договор и евроинтегрирањето на нашата земја. Тој забележа дека постои одредена нефукционалност во работењето на КОМЗ, што во иднина може да доведе и до одредени законски измени во овој дел, но исто така, укажа дека во одредени општини овие комисии не се адекватно третирани од страна на градоначалникот, ниту пак е потпомогнато нивното функционирање. Адеми потенцира дека овие комисии треба да бидат движечката сила за сите прашања од мултинационален карактер во локалната власт и гаранти за развој на демократските процеси во локалната власт. За важноста на комисиите за развивање на децентрализацијата во земјата и реализација на Охридскиот договор говореше и Директорката на СДЦ, Татјана Вон Штајгер Вебер, која истакна дека Агенцијата и натаму ќе го подржи развивањето на овие комисии што истовремено значи и поддршка на развојот на меѓуетничкиот дијалог во земјата.

Во презентацијата, која се темелеше на направените истражувања од страна на ЗЕЛС, беше укажано дека се формирани 30 комисии, од кои 10 на доброволна основа, без законска обврска. Во просек комисиите имаат по пет члена, одржале по три седници годишно и до Советот на општината имаат доставено по една иницијатива годишно. Забележано е дека имаат недостаток на финансиски средства и потреба од одредени законски

# KONFERENCA E BNJVL-SË PËR KOMISIONET PËR MARRËDHËNIE MIDIS BASHKËSIVE

-,,Komisionet për marrëdhënie midis bashkësive kanë një rol mjaft të rëndësishëm në zhvillimin e decentralizimit, mes tjerash edhe si proces i promovimit të paqes dhe stabilitetit në vendin tonë. Ato sigurojnë kornizë në të cilën qytetarët e të gjitha bashkësive etnike kanë mundësi t'i përfaqësojnë interesat e tyre duke kontribuar drejtë zhvillimit të qetë dhe harmonik të shoqërisë, duke respektuar edhe identitetin etnik të çdo bashkësie në veçanti. Në këtë kontekst BNJVL, prej vitit 2006 ndërmorri një varg aktivitetesh për formimin e KMMB dhe përforcimin e tyre, ndërsa me përkrahjen e SDC siguroi pajisje komplete për përkthim simultan për lehtësimin e punës së këshillave komunale. Me mbajtjen e konferencës së sotme, vetëm tregojmë se edhe më tej besojmë në nevojën dhe rolin e këtyre komisioneve, ekzistimi i së cilave është garantuar edhe me Ligjin për vetëqeverisje lokale. Në të vërtetë, obligim ligjor për formimin e tyre kanë 20 komuna, ku përqindja e përfaqësimit të popullatës etnike është më e madhe se 20% nga numir i përgjithshëm i banorëve, ndërsa në praktikë kemi formuar komisione të këtilla në rreth 30 pushtete lokale, që e vërteton gatishmërinë e komunave për zhvillimin e multikulturalizmit dhe shoqërisë multietnike".

Këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovski në Konferencën ,,Sfidat në punën e Komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive" që e organizoi BNJVL më 10 dhjetor, 2010, në hotelin ,,Kontinental" në të cilën morrën pjesë, sekretari shtetëror i Sekretariatit për implementimin e Marrëveshjes Kornizë të Ohrit pranë Qeverisë së Republikës së Maqedonisë, z.Ilham Ismani, kryetari i Komitetit parlamentar për marrëdhënie midis bashkësive, Xhevat Ademi, pastaj Tatjana Von Shtajger Veber, drejtoreshë e Agjencionit Zvicërran për bashkëpunim dhe zhvillim (SDC), kryetarët e komunave, kryetarët e këshillave komunale dhe kryetarët e komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive, si dhe përfaqësuesit e organizatave joqeveritare të cilët punojnë në fushën e ndërtimit të marrëdhënieve ndëretnike.

-,, Data e Konferencës së sotme përshtatet edhe me ditën ndërkombëtare për të drejtat e njeriut, theksoi Xhevat Ademi në fjalimin e tij dhe shtoi se KMMB paraqesin edhe një kontribut të pushteteve lokale për realizim të përshpejtuar të dispozitave të Marrëveshjes së Ohrit dhe eurointegrimin e vendit tonë. Ai përmendi se ekziston mosfunksionalitet në punën e KMMB, që në të ardhmen mund të rezultojë edhe në ndryshime të caktuara ligjore në këtë pjesë, por gjithashtu, përmendi se në komuna të caktuara këto komisione duhet të jenë forcë lëvizëse për të gjitha çështjet nga karakteri multinacional në pushtetin lokal dhe garantim pë zhvillimin e proceseve demokratike në pushtetin lokal. Për rëndësinë e komisioneve për zhvillimin e decentralizimit në vend dhe realizimin e Marrëveshjes së Ohrit, foli drejtoresha e SDC, Tatjana Von Shtajger Veber, e cila theksoi se Agjencioni edhe më tej do t'a përkrah zhvillimin e këtyre komisioneve që njëkohësisht do të thotë edhe përkrahje të zhvillimit të dialogut multietnik në vend.

Në prezantimin, që u themelua mbi hulumtimet e bëra nga ana e BNJVL-së u theksua se janë formuar 30 komisione, prej të cilave 10 në bazë vullnetare, pa obligim ligjor. Mesatarisht komisionet kanë nga 5 anëtarë, kanë mbajtur nga tri senaca në vit dhe në Këshillin e komunës kanë parashtruar nga një

измени. Во отворената дискусија претседателот на КОМЗ во општина Дебар, ги претстави активностите, при што ја истакна улогата на оваа комисија пред донесувањето на одлуките од општинскиот совет за промена на имиња на улиците во градот. Претставникот од комисијата од општина Куманово, пак, истакна дека неговата комисија веќе има подготвено Акционен план за работа на КОМЗ за 2011 година, каде се детектирани темите и проблемите за кои ќе се дискутира. Исто така има изработено буџет за работа на КОМЗ, а се изборија и за административна поддршка од општинската администрација. Особено беше значајно што во нивната комисија, нема ниту еден член што е истовремено и советник во општината, што е мошне позитивно и во склад со идејата за улогата на овие комисии. Претставници од невладиниот сектор што ја следат работата на комисиите истакнаа дека недостасуваат механизми за обезбедување на континуитет во работењето на овие комисии, дека засега не се обезбедени услови за архивирање на материјалите кои произлегуваат од работата на комисиите, дека советодавната улога што ја имаат овие комисии не секаде се ползува од страна на општинските совети и градоначалниците и дека во одредени општини постои евидентен страв за се пристапи кон формирање на вакви комисии, а како сериозен проблем го потенцираа и политичкото влијание што во одредени комисии го наметнуваат одредени членови. На крајот на конференцијата, како дел од заклучоците беше утврдено дека комисиите имаат потреба ЗЕЛС да им помогне во изработката на урнек на деловник за работа, со цел обезбедување на поголема продуктивност во нивното работење, а ја истакнаа потребата и од дополнително дистрибуирање на прирачниците за КОМЗ, што минатата година ги изработи ЗЕЛС и ги дистрибуираше до комисиите и општините , кои се покажаа како многу полезна алатка за работењето на комисијата.

iniciativë në vit. Është vërejtur se kanë mungesë të mjeteve financiare dhe nevojë nga ndryshime të caktuara ligjore. Në diskutimin e hapur kryetari i KMMB në komunën e Dibrës, i paraqiti aktivitetet me ç'rast theksoi rolin e këtij komisioni para marrjes së vendimeve nga këshilli komunal për ndryshimin e emrave të rrugëve në qytet. Përfaqësuesi i komisionit nga komuna e Kumanovës, theksoi se komisioni i tij tashmë ka përgatitur Plan Aksional për punën e KMMB për vitin 2011, ku janë detektuar temat dhe problemet për të cilat diskutohet. Gjithashtu ka hartuar Buxhet për punën e KMMB ndërsa kanë luftuar edhe për përkrahjen administrative nga administrata komunale. Rëndësi të vaçantë kishte se në komisionin e tyre, nuk ka asnjë anëtarë që njëkohësisht është edhe anëtar në këshillin e komunës, që është mjaft pozitive dhe në përputhje me idenë për rolin e komisioneve. Përfaqësuesit e sektorit joqeveritar të cilët e ndjekin punën e komisioneve theksuan se mungojnë mekanizma për sigurimin e vazhdimësisë në punën e këtyre komisioneve, se tash për tash nuk janë sigururar kushte për arkivimin e materialeve që rrjedhin nga puna e komisioneve, se roli këshilldhënës që kanë komisionet, jo çdokund shkon në dobi të këshillave komunale dhe kryetarëve të komunave dhe se në disa komuna ekziston një frikë në qasje të formimit të këtyre komisioneve, ndërsa si problem serioz e potencuan ndikimin politik që në komisione të caktuara e imponojnë anëtarë të caktuar. Në fund të konferencës , si pjesë e konkluzioneve u përcaktua se komisionet kanë nevojë që BNJVL t'u ndihmojë në hartimin e shembullit për rregulloren e punës, me qëllim sigurimi të produktivitetit më të madh të punës së tyre, ndërsa theksuan nevojë edhe nga distribuimi plotësues i doracakëve për KMMB, të cilët vitin e kaluar i hartoi BNJVL dhe u'a distribuoi komisioneve të komunave, që u treguan si mjet mjaft i dobishëm për punën e komisioneve.

**Одржан петтиот состанок на ЗКК во Брисел**

# ЗАБЕЛЕШКИТЕ ОД ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕУ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА, ВЕЌЕ СЕ ПРЕДМЕТ НА РАЗГОВОРИ НА ЗЕЛС СО ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ



На 14 декември 2010 година во Брисел се одржа петтиот состанок на Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) меѓу Република Македонија и Европската унија, претставуван преку Комитетот на регионите на ЕУ. Четвртиот состанок се одржа во јули оваа година во Скопје. Копретседавачот на ЗКК, Бодкер Андерсен, петтиот состанок го оцени како исклучително успешен, на кој се водеа полезни дискусии и беа разменети взаемно корисни информации.

Во периодот меѓу двете средби, ЗЕЛС и општините спроведоа многу активности, а ЕУ го објави и Извештајот за напредокот на Република Македонија, каде одреден дел е посветен и на оценката за развојот на процесот на децентрализација во земјата. Истакнато беше дека поголем дел од отворените прашања во Извештајот на Европската унија од доменот на локалната власт, се веќе предмет на преговори меѓу ЗЕЛС и Владата на РМ, од кои дел се во фаза на решавање, а за дел интензивно се бараат заеднички решенија. Беа истакнати заложбите на ЗЕЛС за обезбедување поголема финансиска независност на општините и заложбите да се обезбедат услови и преостанатите осум општини што поскоро да влезат во втората фаза од фискалната децентрализација.

Зоран Алексов, градоначалник на општина Штип и копретседавач со ЗКК, истакна дека ЗЕЛС тренинг центарот –ЗТЦ, пак, го покрива делот за обука на општинските администрации, преку кој за период од една година се обучени над 1000 вработени во ЕЛС. Тој ги истакна и активностите за подигање на висоо ниво на концептот „Е-општина", а говореше и за поддршката што ЗЕЛС ја дава во градењето на капацитетите на комисиите за односи меѓу заедниците, истакнувајќи дека тие се формирани и функционираат не само во 20–те општини, за кои постои законска обврска ,туку и во дополнителни 10 општини, кои самоиницијативно ги формирале, согледувајќи го нивното значење и важност за градење на заеднички соживот на сите етнички заедници. Беше укажано и за напредокот во транспарентно, ефективно и ефикасно работење на општините преку примена на Етичкиот кодекс на однесување на локалните и избрани функционери, примената на европските антикорупциски стандарди на локално ниво, помасовно вклучување на граѓаните во проце-

сите на донесување на одлуки - креирање на т.н. „Форуми на заедниците", вградување во општинските статути на начелата од изработените унифицирани документи од страна на ЗЕЛС –План и правилник за јавност во работата на општината.

Посебна сесија за дискусија беше имплементирањето на европските директиви за животна средина во домашното законодавство и нивно спроведување од страна на локалните власти. Владимир Тодоровиќ, градоначалник на општина Центар, и Фати Исени, градоначалник на општина Студеничани, го претставија степенот на примена на „еколошките" европски директиви преку степенот на екипираност на локално ниво за нивно спроведување, можностите за инвестиции и одржлив развој во животната средина , како и одделните сегменти од исклучителна тежина и надлежност на општините – издавањето на Б-дозволите и управувањето со цврст отпад и отпадни води.

Марјан Ристески, градоначалник на општина Прилеп, претстави една од најважните новини во децентрализациониот процес во нашата земја - предавање на државното неизградено градежно земјите на управување од страна на локалните власти. Тоа, како што рече Ристески, ќе придонесе за зголемување на можноста за поголем локален економски развој и инвестиции во општините.

На крајот на состанокот, членовите на македонската делегација согласно истакнаа дека проблемот на Грција со името на Република Македонија, претставува една од основните причини за намалениот обем на инвестиции на локално ниво и апелираа до своите европски колеги да се заложат за негово што поскоро решавање.

Децентрализацијата е динамичен процес, кој секогаш ќе отвора нови прашања, дилеми и теми за дискусија, а присутните го поздравија овој вид на разговори и размена на искуства, пред сè, заради напорите што се вложуваат во приближувањето до членство во ЕУ.

**U mbajt mbledhja e pestë e KPK, në Bruksel**

# VËREJTJET NGA RAPORTI I BE-SË PËR DECENTRALIZIMIN, TASHMË JANË LËNDË E BISEDIMEVE TË BNJVL-SË ME PUSHTETIN QËNDROR

Më 14 dhjetor, 2010, në Bruksel u mbajt Komiteti i përbashkët konsultativ (KPK) midis Republikës së Maqedonisë dhe Bashkimit Evropian, i paraqitur përmes Komitetit të rajoneve të BE-së. Mbledhja e katërt u mbajt në korrik këtë vit në Shkup. Ko-ligjëruesi i KPK, Bodker Anderson, mbledhjen e pestë e vlerësoi si mjaft të suksesshme, në të cilën u zhvilluan diskutime të dobishme dhe u shkëmbyen informacione të dobishme.

Në periudhën midis dy takimeve, BNJVL dhe komunat zbatuan shumë aktivitete, ndërsa BE e shpalli edhe Raportin për avancimin e Republikës së Maqedonisë, ku pjesë e caktuar i është dedikuar edhe vlerësimit për zhvillimin e procesit të decentralizimit në vend. U theksua se pjesa më e madhe e çështjeve të hapura nga Raporti i Bashkimit Evropian në lëminë e pushtetit lokal, tashmë janë lëndë e negociatave midis BNJVL-së dhe Qeverisë së R.M. prej të cilave pjesë janë në fazën e zgjidhjes, ndërsa për pjesën tjetër intensivikisht kërkohen zgjidhje të përbashkëta. U theksuan përpjekjet e BNJVL-së për sigurimin e pavarësisë më të madhe financiare të komunave dhe përpjekjet që të sigurohen kushte që edhe tetë komunat tjera sa më shpejtë të hyjnë në fazën e dytë të decentralizimit fiskal.

Zoran Aleksov, kryetar i komunës së Shtipit dhe ko-ligjërues në PKP, theksoi se BNJVL Qendra e Trajnimeve-BQT, e mbulon pjesën e trajnimit të administratave komunale, përmes së cilës për një vit janë trajnuar 1000 të punësuar në NJVL. Ai i theksooi edhe aktivitetet për ngritjen e nivelit më të lartë konceptit të ,,E-komunës", ndërsa foli edhe për përkrahjen të cilën BNJVL i'a jep ndërtimit të kapaciteve të komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive, duke theksuar se ato janë formuar dhe funksionojnë jo vetëm në 20 komunat për të cilat ekziston obligim ligjor por edhe në 10 komuna tjera plotësuese të cilat me vetiniciativë i formuan duke kuptuar rëndësinë e tyre dhe rëndësinë për ndërtimin e bashkëjetesës së të gjitha bashkësive etnike. U përmend edhe për avancimin në punën transparente, efektive dhe efikase të komunave përmes zbatimit të Kodit Etik të sjelljes së funksionarëve lokal dhe të zgjedhur, zbatimi i standardeve antikorruptive evropiane në nivel lokal, pjesëmarrja më masive e qytetarëve në procesin e vendimmarrjeskrijimin e të a.q. ,,Forume të bashkësisë", mbindërtimi i statuteve komunale të parimeve nga dokumentet e hartuara të unifikuara nga ana e BNJVL-së-Plani dhe Rregullorja për transparencë në punën e komunës.

Sesion i veçantë i diskutimit ishte implementimi i direktivave evropiane për mjedis jetësor në legjislativës vendore dhe zbatimin e tyre nga ana e pushteteve lokale. Vlladimir Todoroviq, kryetari i komunës Qendër dhe Fati Iseni kryetar i komunës së Studeniçanit, e paraqitën nivelin e zbatimit të direktivave ,,ekologjike" evropiane përmes shkallës së ekipimit në nivel lokal për zbatimin e tyre, mundësitë për investime dhe zhvillimi i qëndrueshëm në mjedisin jetësor, si dhe segmentet e caktuara me peshë të të rëndësishme dhe kompetencë të komunave – dhënia e B-lejeve dhe menaxhimi me mbeturina të ngurta dhe ujërat e ndotura.

Marjan Risteski, kryetar i komunës së Prilepit, e paraqiti njërën prej risive më të rëndësishme në procesin e decentralizimit në vendin tonë- dhënia e tokës shtetërore të pandërtuar ndërtimore në menaxhim të komunave. Kjo siç tha Risteski, do të kontribuojë në zmadhimin e mundësisë për zhvillimin më të madh të ekonomisë lokale dhe investimet në komunat.

Në fund të mbledhjes, anëtarët e delegacionit të Maqedonisë, theksuan se problemi me Greqinë lidhur me emrin e Republikës së Maqedonisë, paraqet njërin ndër arsyet kryesore për zvogëlimin e vëllimit të investimeve në nivel lokal, dhe apeluan deri te kolegët e tyre evropian të angazhohen për zgjidhjen e tij sa më të shpejtë.

Decentralizimi është proces dinamik, i cili çdoherë do të hap çështje të reja, dilema dhe tema për diskutim, ndërsa të pranishmit e përshëndetën këtë lloj diskutimesh dhe shkëmbim të përvojave, para se gjithash për shkak të përpjekjeve që bëhen në afrimin deri te anëtarësimi në BE.

# ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА СВОИТЕ ОБВРСКИ ОКОЛУ ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

На 27декември 2010 година, во хотелот „Холидеј Ин", ЗЕЛС во соработка со Дирекцијата за заштита на лични податоци, организира Конференција за поголема информираност на локалната власт за обврските кои произлегуваат од најновите измени во прописите за заштита на личните податоци.

Потпретседателот на ЗЕЛС, Изет Меџити, градоначалник на општина Чаир, во својот говор пред присутните градоначалници и претставници на локалната власт го истакна огромното значење на темата, на која општините треба да ѝ посветат големо внимание и сериозен пристап, бидејќи и една сторена грешка може да биде фатална за нечија судбина. Ја истакна потребата од натамошна континуирана соработка со Дирекцијата, со цел локалните власти да направат сè што е потребно за да не ги повредат граѓаните со кои се во секојдневен контакт. Отвореност за соработка истакна и директорот на Дирекцијата за заштита на лични податоци, Димитар Ѓеорѓиевски кој изрази задоволство што локалните власти изразиле интерес максимално да ги почитуваат законските процедурите кои мора да се применуваат со цел да не биде нарушена безбедноста на личните податоци. Потоа присутните се запознаа со правната рамка, поимот и начелата за заштита на личните податоци и со обврските на контролорите. Беа елаборирани содржините на одредени подзаконски акти, меѓу кои Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита, потоа Правилникот за формата и содржината на образецот на известувањето за обработка на личните податоци, со одредбите за образецот за евиденција на извршениот пренос на личните податоци во други држави, како и со начинот на водење на евиденција, а особен интерес имаше и за Правилникот за вршење на видео надзор и Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор.

Претставниците од Дирекцијата укажаа дека се озаконува постоењето на офицер-одговорно лице во општината, кое ќе се грижи за реализирање на сите законски обврски за обезбедување на заштита на личните податоци, а предмет на дискусија беа и постапките за собирање на податоците, со цел избегнување на нивната преобемност во однос на целта за која се земаат, потоа роковите за чување на пода-





# PUSHTETET LOKALE TË INTERESUARA PËR OBLIGIMET E TYRE RRETH MBROJTJES SË TË DHËNAVE PERSONALE

Më 27 dhjetor, 2010, në hotelin ,,Holidej In", BNJVL në bashkëpunim me Drejtorinë për mbrojtjen e të dhënave personale, organizon Konferencë për informim më të madh të pushteteve lokale për obligimet që rrjedhin nga ndryshimet më të reja në dispozitat për mbrojtjen e të dhënave personale.

Nënkryetari i BNJVL-së, Izet Mexhiti, kryetar i komunës së Çairit, në fjalimin e tij para kryetarëve të pranishëm dhe përfaqësuesve të pushtetit lokal e theksoi rëndësinë mjaft të madhe të temës , së cilës komunat duhet t'i kushtojnë vëmendje të veçantë dhe qasje serioze sepse një gabim i bërë mund të jetë fatal për fatin e dikujt. E theksoi nevojën e bashkëpunimit të mëtejmë me Drejtorinë, me qëllim që pushtetet lokale të bëjnë çdo gjë që është e nevojshme të mos i lëndojnë qytetarët me të cilët janë në kontakt të përditshëm. Bashkëpunim të hapur theksoi edhe drejtori i Drejtorisë për mbrojtjen e të dhënave personale, Dimitar Gjeorgjievski, i cili shprehu kënaqësi që pushtetet lokale kanë shprehur interesim maksimal t'i respektojnë procedurat ligjore të cilat duhet të zbatohen me qëllim të mos cënohet siguria e të dhënave personale. Pastaj të pranishmit u njohën me kornizën ligjore, nocionin dhe parimet për mbrojtjen e të dhënave personale dhe me obligimet e kontrolluesve. U elaboruan përmbajtjet e akteve të caktuara ndërligjore, midis të cilave Rregullorja për masat teknike dhe organizative për sigurimin fshehtësisë dhe mbrojtjes, pastaj Rregullorja për formën dhe përmbajtjen e formularit për lajmërimin e përpunimit të të dhënave personale, me dispozitat e formularit për evidentimin e trensferimit ekzekutiv të të dhënave personale në shtete tjera, si dhe me mënyrën e mbajtjes së evidencës, ndërsa interesim të veçantë kishte edhe për Rregulloren për kryerjen e video-mbikëqyrjes dhe Rregulloren për përmbajtjen edhe formën e aktit për mënyrën e kryerjes së video-mbikëqyrjes.

Përfaqësuesit e Drejtorisë treguan se ligjësohet ekzistimi i oficerit-person përgjegjës në komunë, i cili do të përkujdeset për realizimin e të gjitha obligimeve ligjore për sigurimin e mbrojtjes së të dhënave personale, ndërsa lëndë diskutimi ishin edhe procedurat për mbledhjen e të dhënave, me qëllim tejkalimi të vëllimit lidhur me qëllimin për të cilin merren, prandaj afatet

тоците и начините на нивно поништување, како на пишаната така и на електронската документација, елиминирање на злоупотребите при видео надзор, а се говореше и за предвидените прекршочни санкции во случај на направена злоупотреба. На конференцијата, локалните власти имаат можност да се информираат и за заштитата на личните податоци поврзани со имплементирањето на новите закони од областа на градежното земјиште и урбанизмот.



për mbrojtjen e të dhënave dhe mënyra e anulimit të tyre, si në dokumentacionin e shkruar ashtu edhe në atë elektronik, eliminimi i keqtrajtimeve gjatë video-mbikëqyrjes, ndërsa u fol edhe për sanksionet kundërvajtëse në rast të keqpërdorimit të bërë. Në konferencë, pushtetet lokale kishin mundësi, të informohen edhe për mbrojtjen e të dhënave personale lidhur me implementimin e ligjeve të reja në lëminë e tokës ndërtimore dhe urbanizmit.

## СОРАБОТКА НА ЗЕЛС СО ИТАЛИЈАНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА ОПШТИНИТЕ- АНЦИ

Во периодот од 14 до 16 декември 2010 година претставници на ЗЕЛС реализираа посета на италијанската асоцијација на општините од Италија - АНЦИ. Посетата беше организирана во рамките на регионалниот проект СееНет, кој италијанската асоцијација го реализира веќе неколку години вклучувајќи општини од регионот. Покрај ЗЕЛС беа поканети и неколку асоцијации од регионот како Србија, Косово, Албанија, Хрватска, Босна и Херцеговина, како и претставници од НАЛАС. Целта на посетата беше изнаоѓањето на заеднички теми и прашања по кои би се остварила соработка на сите овие асоцијации со италијанската асоцијација на општини, а во рамките на постоечкиот проект СееНет . По заедничките разговори се заклучи дека заедничка тема на која би можела да се оствари соработка во иднина претставува одржливиот туризам како клучен елемент за одржлив регионален, еколошки, економски и социјален развој. За таа цел следната година би



се организирала заедничка конференција на оваа тема, потоа неколку работилници во чии рамки би се идентификувале проблемите, предизвиците и предностите на сите вклучени земји и на крајот би се излегло со документ со цел подобрување на целокупните околности за развој на туризмот. Тој документ би се претставил пред Владите на сите вклучени земји во проектот како и другите чинители кои делуваат на ова поле. Секако важен сегмент останува размената на добри практики и вмрежувањето.

## BASHKËPUNIM I BNJVL-SË ME ASOCIACIONIN ITALIAN TË KOMUNAVE – ANCI

Në periudhën prej 14 deri më 16 dhjetor 2010, përfaqësuesit e BNJVL-së realizuan vizitë në Asociacionin Italian të komunave të Italisë-ANCI. Vizita u organizua në kuadër të projektit rajonal SeeNet, të cilin Asociacioni Italian e realizon tashmë disa vite duke përfshirë komunat nga rajoni. Krahas BNJVL-së të ftuar ishin edhe disa asociacione nga rajoni si: Serbija, Kosova, Shqipëria, Kroacia, Bosnja dhe Hercegovina si dhe përfaqësues të NALAS. Qëllimi i vizitës ishte gjetja e temave dhe çështjeve të përbashkëta përmes së cilave do të realizohej bashkëpunim i të gjitha këtyre asociacioneve me asociacionin italian të komunav, ndërsa në kuadër të projektit ekzistues SeeNet. Pas diskutimeve të përbashkëta u konkludua se tema e përbashkët me të cilën do të mund të realizohet bashkëpunimi në të ardhmen paraqet turizmi i qëndrueshëm si element kyç për zhvillim të qëndrueshëm rajonal, ekologjik, ekonomik dhe social. Për këtë qëllim vitin e ardhshëm do të organizohet konferencë e përbashkët mbi këtë temë, pastaj disa punëtori në kuadër të së cilave do të identifikoheshin problemet, sfidat dhe përparësitë e të gjitha vendeve të përfshira dhe në fund do të paraqitej dokument me qëllim të përmirësimit të rrethanave të përgjithshme për zhvillim të turizmit. Ky dokument do të paraqitej para Qeverive të të gjitha vendeve të përfshira në projekt si dhe faktorëve tjerë të cilët veprojnë në këtë lëmi. Gjithashtu segment i rëndësishëm ngelet shkëmbimi i praktikave të mira dhe rrjetëzimi.



## ДЕМИРХИСАРСКА ПРЕДНОВОГОДИШНА РАЗГЛЕДНИЦА

Локалната самоуправа и оваа година, по примерот на поголемите градови, се погрижи градот Демир Хисар да го украси со новогодишни мотиви што светат во разни бои, а се поставени на најфреквентната улица Битолска и пред зградата на општината. Сето ова придонесува за поубава предпразнична атмосфера, особено во вечерните часови.

Традиционалното предновогодишно патување на Дедо Мраз нема да ја заобиколи детската градинка „2 – ри Септември". Во весела атмосфера, професионални артисти од Битолскиот народен театар ќе изведат новогодишна претстава, а Дедо Мраз ќе им ги подели новогодишните пакетчиња. Демирхисарци немаат навика за заедничка прослава под отворено небо и традиционално ја прославуваат во своите домови и во друштво со своите најблиски. Во предвечерието на доаѓањето на Новата Година се очекува најспектакуларно да биде во Домот на културата. Под покровителство на градоначалникот Тони Ангелевски, годинава по втор пат ќе се одржи детскиот новогодишен забавно – музички хепенинг. Повеќе од 250 дечиња и уште толку нивни придружници од скоро сите населени места во општината, ќе присуствуваат на оваа манифестација, на која што нивните повозрасни другарчиња од сите училишта и градинката ќе изведат богата новогодишна програма, а Дедо Мраз ќе дели слатки подароци.

Во овој период на ситнење на последните денови од старата година и на неизвесности што го следат годинашниов откуп на тутунот, демирхисарци исто така со нетрпение ги очекуваат големите поновогодишни верски празнувања на Бадник, Божик, Василица и Богојавление.

## KARTOLINA E DEMIR HISARIT PARA VITIT TË RI

Vetëqeverisja lokale edhe këtë vit, sipas shembullit të qyteteve më të mëdha, u kujdes që qyteti i Demir Hisarit të stoliset me motive të Vitit të Ri që shkëlqejnë në ngjyra të ndryshme, ndërsa janë vendosur në rrugën më frekuentuese – ,,Bitollska" dhe para ndërtesës së komunës. E tërë kjo kontribuon për një atmosferë të bukur festive, veçanërisht në orët e mbrëmjes.

Udhëtimi tradicional i Baba Dimrit para vitit të ri, do t'a vizitojë çerdhen për fëmijë ,,2 Shtatori". Në atmosferë kremtuese, artistët profesionistë nga Teatri Ndërkombëtar i Manastirit do të mbajnë shfaqje për Vitin e Ri, ndërsa Baba Dimri do t'u shpërndajë paketa. Demirhisarasit nuk e kanë traditë që të kremtojnë së bashku ndër qiell të hapur, dhe tradicionalisht e festojnë në shtëpitë e tyre të shoqëruar nga më të afërmit. Në mbrëmjen e ardhjes së Vitit të Ri, pritet që më spektakulare të jetë Shtëpia e Kulturës. Nën patronazhin e kryetarit Toni Angeleski, këtë vit për herë të dytë do të mbahet hepeningu argëtues-muzikor për fëmijët me rastin e Vitit të Ri. Më tepër se 250 fëmijë dhe shoqëruesit e tyre nga po thuaj se të gjitha vendet e banuara në komunë, do të marrin pjesë në këtë manifestim në të cilin shokët e tyre pak më të rritur nga shkollat dhe çerdhet do të mbajnë program të pasur për Vitin e Ri, ndërsa Baba Dimri do t'u shpërndajë dhurata të këndshme.

Në këtë periudhë të ditëve të fundit të vitit të vjetër dhe pasigurive që ndjekin blerjen e sivjetshme të duhanit, demirhisarasit gjuthashtu me padurim i presin Festat e mëdha të Fundvitit.

## ОПШТИНА ВИНИЦА ОДВОИ СКРОМНИ СРЕДСТВА ЗА ДОЧЕК НА НОВАТА 2011 ГОДИНА

Советот на општина Виница изгласа скромни средства за дочек на новогодишната ноќ, во висина од околу 194 000 денари, во согласност со расположливиот буџет кој сè уште е лимитиран заради блокираната жиро сметка.

Новогодишните елки на плоштадот „Ангел Винички" се декор кој е добра провокација за новогодишна фотосесија за секој случаен минувач. За прв пат конкуренцијата во новогодишното украсување на домовите, продавниците, јавните и стопанските објекти е со дополнителен стимул, бидејќи општината подготви награди за трите најкреативни објекти, што ќе ги врачи градоначалникот Емил Дончев. Скромни подароци традиционално ќе добијат дежурните служби на 31 декември, а општина Виница обезбеди и пакетчиња за децата од двете градинки и од центарот за посебни потреби, кои подготвија новогодишни приредби. И годинава традиционално, општина Виница организира дочек на Новата 2011 година, за своите граѓани, кои на плоштадот „Ангел Винички " ќе ги забавува реномираниот ромски оркестар од градот.

## KOMUNA E VINICËS NDAU MJETE MODESTE PËR PRITJEN E VITIT TË RI 2011

Këshilli i komunës së Vinicës votoi mjete modeste për pritjen e mbrëmjes së Vitit të Ri, në lartësi prej rreth 194 000 denarësh, konform buxhetit në dispozicion, i cili ende është i limituar për shkak të zhiro-llogarisë së bllokuar.

Bredhat e Vitit të Ri në sheshin ,,Angell Viniçki" janë dekor që paraqet një provokim të mirë për fotosesion të Vitit të Ri për çdo kalimtar. Për herë të parë konkurenca e stolisjes së shtëpive, shitoreve, objekteve publike dhe afariste dhe janë stimul plotësues sepse komuna përgatiti çmime për tre objektet më kreative, që do t'i dorëzojë kryetari i komunës Emill Donçev. Dhurata modeste tradicionalisht do të marrin edhe shërbimet kujdestare më 31 dhjetor, ndërsa komuna e Vinicës siguroi paketa për fëmijët nga të dy çerdhet dhe qendrën për nevoja të veçanta, të cilët përgatitën shfaqje për Vitin e Ri. Edhe këtë vit tradicionalisht komuna e Vinicës organizon pritje të Vitit të Ri 2011, për qytetarët e saj, të cilët në sheshin ,,Angell Viniçki" do t'i argëtojë orkestri me renome i romëve nga qyteti.




ЗЕЛС
ви посакува многу здравје, среќа и успех во Новата 2011 година
BNJVL
ju dëshiron shumë shëndet, fat dhe sukses në vitin e ri 2011




Поставете ги телевизорот, музичкиот систем и ДВД-то на еден приклучок и со само еден потег исклучете ги кога ќе излезете од собата. На тој начин ја намалувате потрошувачката на електрична енергија.
**EVN Македонија, секогаш тука за вас.**

Повеќе совети на **www.evn.mk** или на **0890 12345**

EVN
macedonia

## ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 6б, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

## BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË - BNJVL

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk